# Волонтерска помош

- Негата за некој со неизлечива болест може да биде емотивно и физички исцрпувачка; волонтерите обезбедуваат одмена за негувателите со практична помош и емоционална поддршка.
- За да дознаете повеќе како можете да помогнете, јавете се кај вашиот локален сервис за палијативна нега.



# Што ако не зборувате добро англиски јазик?

Тимот за палијативна нега е чувствителен за вашата култура и јазик. Ве молиме не колебајте се да побарате преведувач. Можете да користите квалификуван преведувач или семеен член.

# Кого да прашате за помош или информации

- Вашиот доктор
- Најблискиот сервис за палијативна нега

Palliative Care Australia Inc gratefully acknowledges the financial assistance of the Commonwealth Department of Health and Aged Care. However the views expressed are those of PCA and may not represent those of the Commonwealth.

Design concept courtesy of the Palliative Care Council of South Australia and Palliative Care Victoria

Palliative Care Australia



## Палијативна нега

# Олеснување

# Утеха

# Поткрепа

## Грижа за саканите со неизлечива болест.



# Што е
# палиативна нега?

Палиативна нега е помош за луѓе кои што патат од болест за која што нема лекување.

Целта на палиативната нега е да го максимизира квалитетот на животот на лицето. Ова се постигнува со координирање и пружање на низа услуги, како одговор на индивидуалните потреби на негуваното лице и негувателот.

Прифатено е дека е потребно да се внимава на низа проблеми, вклучувајќи ги: физичките, емоционалните, социјалните и духовните.

# Палиативна нега
# е ***тимски*** напор




# Ако ме боли, може ли
# болката да ми олесни?

Во скоро сите случаи, болката може да се олесни со: лекови против болка и други лекови,масажа,медитација,ароматерапија, акупунктура и радиотерапија, кога е тоа адекватно.

Скорешниот напредок во лековите против болка вклучува морфеински таблетки со спор ефект и фластери против болка.

# Каде?

Палиативната нега се пружа, кога е можно, каде што лицето сака да биде. Таа може да биде обезбедена:

- во домот на лицето
- во хоспис
- во болница
- во старски дом

Главните негуватели се семејството, роднините и пријателите. Стручна помош може да се добие од тимот за палиативна нега



# Што е тоа
# хоспис?

Место наменето за нега на неизлечиво болни, каде што работат посебно обучени лекари, сестри, социјални работници, физиотерапеути и волонтери, кои што нудат потполна нега на пациентот и семејството, вклучувајќи физичка, емоционална и духовна потпора.